# „Отстрани ја болеста, Господару на луѓето! Излечи го – Ти си Исцелителот! Нема исцелување освен Твоето исцелување – излекување што не остава никаква болест зад себе.“

Мајката на верниците, Аиша – Аллах нека е задоволен со неа – пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кога ќе посетеше болен човек, се молеше за него и велеше: „Отстрани ја болеста, Господару на луѓето! Излечи го – Ти си Исцелителот! Нема исцелување освен Твоето исцелување – излекување што не остава никаква болест зад себе.“ (Езхибил-бе'се раббен-наси, вешфи ве ентеш-шафи, ла шифае илла шифауке, шифаен ла југадиру секамен)
[صحيح] [متفق عليه]

Кога Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ќе посетеше болен, на Аллах му упатуваше дова за него, велејќи: О, Аллах, „отстрани ја“ и оттргни ја „болеста“ и тежината на болеста! „Господару на луѓето“, нивен Создател и Снабдувач, „излечи го“ овој болен – „Ти си“, Славен и Возвишен, „Исцелителот!“ Те молам со Твоето Име „Еш-Шафи“ – Лекувачот – „нема излекување“, Ти си Единствениот чиј лек е вистински лек, „освен Твоето излекување“ – целосно и потполно, „излекување што не остава зад себе никаква болест.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5542